Во рамките на проектот „ Безбедни училишта“ кој се реализира во нашето училиште во учебната 2016/2017 година, на ден 01.03.2017 година се одржа предавање на тема

„ ЗАВИСНОСТИ“

На ова предавање учениците од клубот за превенција беа запознаени со видовите зависности ( дрога, алкохол, интернет, коцкање/ обложување). Покрај манифестациите на лицата кои се зависници, учениците ги открија и последиците од истото. Последниците од користењето на дрогата можат да бидат како здравствени, така и психолошки, проблеми во семејството, социјани, проблеми во училиште (бегање од часови, слаб успех) проблеми со законот, финансиски проблеми и сл.  Без разлика кој вид дрога се конзумира сите тие предизвикуваат исти штетни последици.

Последиците од прекумерното конзумирање на алкохол можат да бидат променливо расположение, проблеми во училиштето и семејтвото, промена на друштвото, здравствени проблеми, социјално материјално и психичко пропаѓање, висок крвен притисок, оштетување на мозокот  и сл.

Последиците од појавата на зависност од обложување и игри на среќа можат да бидат како губење на самоконтрола, финансиски проблеми, депресивна состојба, се вршат криминални дела казниви со закон, настанува пореметување на психичките фунции на човекот.

Исто така зависност може да се предизвика и од користењето на интернетот. Многу често тој станува поважен од пријателите и од семејството, многу ноќи лицата ги поминуваат на интернет наместо да спијат што дополнително влијае на психичката состојба во текот на денот, намалување на телесните активности итн. Таквиот начин на поминување на слободното време претставува бегство од реалноста и животните проблеми.



